Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14 , 199/14, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Сл.весник на РСМ„ бр.143/2019 и 14/2020), Градоначалникот на Општина Делчево, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**За измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Делчево**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Делчево, бр.08-563/1 од 31.03.2016 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Делчево, бр.08-389/2 од 01.03.2018 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Делчево, бр.08-2110/1 од 06.12..2018 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Делчево, бр.08-2098/1 од 11.11.2019 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Делчево, бр.08-2252/1 од 21.11.2019 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Делчево, бр.08-339/1 од 25.02.2021 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Делчево, бр.08-1255/1 од 19.07.2021 година , Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Делчево, бр.08-2188/1 од 11.11.2021 година и Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Делчево, бр.08-724/1 од 18.04.2022 година.

**Член 2**

Во глава II РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ, членот 10 се менува и гласи:

„Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно **3** работни места на помошно - техничките лица вработени во општинската администрација со **3** извршители, распоредени во Одделението за правни и општи работи и јавни дејности, од кои пополнети се 3 работни места со 3 извршители и **7** работни места на други помошно технички лица-ТППЕ со **19** извршители распоредени во ТППЕ ,од кои пополнети се 5 работни места со 16 извршители, согласно Одлуката за организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Делчево бр.09-512 од 15.03.2016 година и Одлуката за изменување на Одлуката за организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Делчево бр.09-1191/1 од 08.07.2021 година .

Работните места од овој правилник се распоредени на следниот начин:

| Помошно технички лица вработени во општинската администрација | | | |
|---|---|---|---|
| Ниво/Шифра | Назив на работното место | Систематизирани | Пополнети |
| А02 УПР0405А02001 | Хигиеничар | 1 | 1 |
| А02 УПР0403А02001 | Возач | 1 | 1 |
| А02 УПР0402А02001 | Чувар | 1 | 1 |
| **Вкупно** | | **3** | **3** |

| Други помошно- технички лица - ТППЕ | | | |
|---|---|---|---|
| Ниво/Шифра | Назив на работното место | Систематизирани | Пополнети |
| ПОЖ0210А04000 | Командир на територијална противпожарна единица - ТППЕ | 1 | 0 |
| ПОЖ0210Б04000 | Командир на одделение - ТППЕ | 1 | 0 |
| ПОЖ0210В02000 | Водач на група | 5 | 5 |
| ПОЖ0210В04000 | Пожарникар спасител | 4 | 3 |
| ПОЖ0210В04000 | Пожарникар спасител – возач на специјално возило | 6 | 6 |
| ПОЖ0210В04000 | Пожарникар спасител – одржувач на ПП сервис | 1 | 1 |
| ПОЖ0210В04000 | Пожарникар спасител - автолимар | 1 | 1 |
| **Вкупно други помошно технички лица - ТППЕ** | | **19** | **16** |

**Член 3**

Во глава II РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ, во член 11 точка 4.Други помошно – технички лица (ТППЕ) се менува и гласи:

4. **Други помошно – технички лица (ТППЕ)**

Ниво А4 – Шифра ПОЖ0210А04000

- Систематизирано 1 работно место, со предвиден 1 извршител
- непополнето

Ниво Б4 – Шифра ПОЖ0210Б04000

- систематизирано 1 работно место, со предвиден 1 извршител
- непополнето

Ниво В2 – Шифра ПОЖ0210В02000
- систематизирано 1 работно место со 5 извршители
- пополнето 1 работно место со 5 ивршители

Ниво В4 – Шифра ПОЖ0210В04000
- систематизирани 4 работни места со 12 извршители
- пополнети 4 работни места со 11 извршители

**Член 4**

Во глава II РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ, по член 15 , се додава нов член 15-а, кој гласи:

Општи услови утврдени со друг посебен закон или колективен договор за професионалните пожарникари се:
- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и

со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Член 5**

Во глава II РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ, член 16 се менува и гласи:

**(1)** Посебни услови утврдени со Законот за пожарникарството, за Високо раководни пожарникари спасители од категоријата А се:

а) стручни квалификации за сите нивоа - ниво на квалификациите VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

б) работно искуство, и тоа:

- за нивоата А1 и А2 најмалку шест години работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработување на Република Македонија како работен стаж или
- за нивото А3, А4 и А5 најмалку пет години работно искуство во струката евидентирано во Агенција за вработување на Република Македонија како работен стаж и

в) посебни работни компетенции за сите нивоа, познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), и тоа:

- преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б1 (B1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 3,5 - 4,5 поени, ПЕТ, БЕК П, БУЛАТС, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 450 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 135 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 45 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

**(2) Општите работни компетенции се:**

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг,
- учење и развој,
- комуникација,
- остварување резултати,

- работење со други/тимска работа,
- стратешка свест,
- ориентираност кон засегнати страни и
- раководење.

**Член 6**

Во глава II РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ, после член 16 се додава нов член 16-а кој гласи:

Раководните пожарникари - спасители од категоријата Б треба да ги исполнат следниве посебни услови за работното место:

а) стручни квалификации, и тоа:

- за нивоата Б1 и Б2 ниво на квалификациите VI/A според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степени,
- за нивоата Б3 и Б4 ниво на квалификациите квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование и

б) работно искуство, и тоа:

- за нивоата Б1 и Б2 најмалку четири години работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија како работен стаж или
- за нивоата Б3 и Б4 најмалку три години работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија како работен стаж.

(2) Општите работни компетенции се:

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг,
- учење и развој,
- комуникација,
- остварување резултати,
- работење со други/тимска работа,
- стратешка свест,
- ориентираност кон засегнати страни и
- раководење.

**Член 7**

Во глава II РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ, после член 16-а се додава нов член 16-б кој гласи:

(1) Професионалните пожарникари - спасители од категоријата В треба да ги исполнат следниве посебни услови за работното место:

а) стручни квалификации и тоа:

- за сите нивоа од категорија В ниво на квалификациите квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование и

б) работно искуство и тоа:

- за нивото В1 најмалку три години работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија како работен стаж,
- за нивото В2 најмалку две години работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија како работен стаж,
- за нивото В3 најмалку една години работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија како работен стаж или

- за нивото В4 со или без работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработувањена Република Северна Македонија како работен стаж.
(2) За работните места од категоријата В се применуваат пет општи работни компетенции на основно ниво, и тоа:
-учење и развој,
- комуникација,
- остварување резултати,
- работење со други/тимска работа и
- ориентираност кон засегната страни .

**Член 8**

Во глава IV ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО, во Сектор за финансиски прашања, Одделение за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци, по работното место со реден број 7, со шифра УПР0101В03000, ниво В3, звање Соработник, назив на работно место Соработник за администрирање на локалните даноци, такси и надоместоци, се додава ново работно место со реден број 7-а, кое гласи:

| | |
|---|---|
| Сектор за финансиски прашања | |
| Одделение за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци | |
| **Реден број** | 7-а |
| **Шифра** | УПР 0101 В03 000 |
| **Ниво** | В3 |
| **Звање** | Соработник |
| **Назив на работно место** | Даночен книговодител |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководителот на Одделението |
| **Вид на образование** | Научно истражувачко подрачје:Општествени науки<br>Научно истражувачко поле: Економија и бизнис или Други општествени науки(организациски науки и управување-менаџмент) |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Ефикасно ефективно и квалитетно извршување на работните задачи кои произлегуваат од делокругот на работното место и кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на Одделението од областа на даночното книговодство |
| **Работни задачи и обврски** | - континуирано ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на даноците,<br>- водење на даночно книговодство ( книжење уплати, преписи и отписи ),<br>- издавање на уплатници,<br>- издавање на уверенија по барање на странките од оваа област,<br>- подготовка на документи и доставување на истите за книжење до одделението за финансии. |

**Член 9**

Во глава IV ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО, во Сектор за финансиски прашања, Одделение за јавни набавки и администрирање со имотот на општината, во работното место со реден бр.9, со шифра УПР 0101 Б04 000, ниво Б4, звање Раководител на одделение, назив Раководител на Одделение за јавни набавки и администрирање со имотот на општината, делот вид на образование „Економски науки“, се менува и гласи :„ Научно истражувачко подрачје:Општествени науки, Научно истражувачко поле: Економија и бизнис или Право “.

**Член 10**

Во глава IV ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО, во Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР, во Одделение за локален економски развој, превенција и справување со кризна состојба, заштита и спасување, во работното место со реден број 27, со шифра УПР 0101 Б04 000, ниво Б4, звање Раководител на одделение, назив Раководител на Одделение за локален економски развој, превенција и справување со кризна состојба, заштита и спасување, делот вид на образование , „Економски науки или информатика „ се менува и гласи „ Научно истражувачко подрачје:Општествени науки, Научно истражувачко поле: Економија и бизнис или Право или Други опшествени науки ( одбрана) .

**Член 11**

Во глава IV ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО , во Одделение за правни и општи работи и јавни дејности, во работното место со реден број 47, со шифра УПР 0403 А02 001, назив Возач , бројот на извршители „2“ се менува и гласи „1„.

**Член 12**

Во глава IV ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО , во Одделение за инспекциски надзор, во работното место со реден број 49, со шифра ИНС0101В01000, ниво В1, звање Советник, називот на работното место „Овластен инспектор за градежништво“ се менува и гласи : „ Општински инспектор за градежништво„:

| 49. | |
|---|---|
| а. Одделение за инспекциски надзор - Инспекторат | |
| **Реден број** | 49 |
| **Шифра** | ИНС0101В01001 |
| **Ниво** | В1 |
| **Звање** | Советник |
| **Назив на работно место** | Општински инспектор за градежништво |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководителот на Одделението |
| **Вид на образование** | Научно истражувачко подрачје:Инжинерство и технологија<br>Научно истражувачко поле: Градежниште,<br>Друго инжинерство и технологии(Архитектура урбанизам и планирање) |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Ефикасно ефективно и квалитетно извршување на работните задачи кои произлегуваат од делокругот на работното место и кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на Одделението, посебно во обезбедување на надзор над спроведувањето на законите и подзаконските акти и прописите на општината, во областа |

| | |
|---|---|
| | на градењето |
| **Работни задачи и обврски** | - Самостојно врши најсложени стручно-административни, нормативно-правни и промотивно-информативни работи од делокругот на работата на Одделението;<br><br>- Врши инспекциски надзор над спроведувањето на Законот за градење, подзаконските акти и прописите на општината во областа на градењето и врши инспекциски надзор над градби од трета, четврта и петта категорија,изрекува со закон пропишани мерки;<br>- Врши увид на терен и изготвува записници за констатираните состојби и наоди;<br>- Води управна постапка во прв степен и донесува решенија, одговара на жалби во второстепена постапка, поднесува жалби во второстепена постапка, поднесува барања за поведување прекршочна постапка, како и предлози за поведување кривична постапка;<br>- Врши стручна обработка на прашањата што се од значење за примената на законските одредби и изготвува анализи, информации и други материјали, изготвува стручно-аналитички и други материјали за комисиите на Советот на Општината;<br>- Дава стручна помош, совети и врши менторство на административните службеници од пониските нивоа. |

**Член 13**

Во глава IV ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО , во Одделение за инспекциски надзор, во работното место со реден број 50, со шифра ИНС0101В01000, ниво В1, звање Советник, називот на работното место „Овластен инспектор за патен сообраќај и патишта“ се менува и гласи „Општински инспектор за патен сообраќај и патишта“:

| | |
|---|---|
| 50. | |
| а. Одделение за инспекциски надзор - Инспекторат | |
| **Реден број** | 50 |
| **Шифра** | ИНС0101В01001 |
| **Ниво** | В1 |
| **Звање** | Советник |
| **Назив на работно место** | Општински инспектор за патен сообраќај и патишта |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководителот на Одделението |
| **Вид на образование** | Научно истражувачко подрачје:Инжинерство и технологија: Научно истражувачко поле:Друго инжинерство и технологии(Сообраќај и транспорт) |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Ефикасно ефективно и квалитетно извршување на работните задачи кои произлегуваат од делокругот на работното место и кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на Одделението, посебно во обезбедување на надзор над спроведувањето на законите и подзаконските акти и прописите на општината, во областа на патниот сообраќај |
| **Работни задачи и обврски** | - Самостојно врши најсложени стручно-административни, нормативно-правни и промотивно-информативни работи од |

| | |
|---|---|
| | делокругот на работата на Одделението<br><br>- Континуирано ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа и превозот во патниот сообраќај, локалните патишта и улици;<br>- Врши инспекциски надзор над спроведувањето на законите, подзаконските акти и прописите на општината во областа на превозот во патниот сообраќај,локалните патишта и улици;<br>- Врши увид на терен и изготвува записници за констатираните состојби и наоди, изрекува со закон пропишани мерки;<br>- Води управна постапка во прв степен и донесува решенија;<br>- Одговара на жалби во второстепена постапка,поднесува жалби во второстепена постапка;<br>- Поднесува барања за поведување прекршочна постапка, како и предлози за поведување кривична постапка;<br>- Врши стручна обработка на прашањата што се од значење за примената на законските одредби, дава стручни појаснувања и мислења за примена на законите и другите прописи и општи акти, изготвува анализи, информации и други материјали од областа на превозот во патниот сообраќај,локалните патишта и улици;<br>- Изготвува стручно-аналитички и други материјали за комисиите на Советот на Општината од областа на превозот во патниот сообраќај,локалните патишта и улици;<br>- Дава стручна помош, совети и врши менторство на административните службеници од пониските нивоа. |

**Член 14**

Во глава IV ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО , во Одделение за инспекциски надзор, , работното место со реден број 51, со шифра ИНС 0101 В01 000, ниво В1, звање Советник, назив на работното место Овластен инспектор за комунални работи и домување, се менува и гласи:

| | |
|---|---|
| 51 | |
| b. Одделение за инспекциски надзор - Инспекторат | |
| **Реден број** | 51 |
| **Шифра** | ИНС0101В01001 |
| **Ниво** | В1 |
| **Звање** | Советник |
| **Назив на работно место** | Општински инспектор за комунални работи |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководителот на Одделението |
| **Вид на образование** | Високо Образование |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Ефикасно ефективно и квалитетно извршување на работните задачи кои произлегуваат од делокругот на работното место и кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на Одделението, посебно во обезбедување на надзор над спроведувањето на законите и подзаконските акти и прописите на општината, во областа |

| | |
|---|---|
| | на комуналните работи |
| **Работни задачи и обврски** | - Врши непосреден инспекциски надзор согласно одредбите од Законот за комунални дејности и други закони и прописи што содржат одредби кои ја регулираат оваа област;<br>- Врши контрола и надзор над извршувањето на работите врз објекти од јавен интерес и контрола од областа на комуналната дејност на територијата на целата општина;<br>- Врши инспекциски надзор, донесува решенија, врши едукација, води постапки за порамнување и посредување, поднесува барања за поведување на прекршочна постапка пред прекршочна комисија и надлежен суд, поднесува предлози за поведување кривична постапка, изрекува мерки согласно законот, одговара на жалби во втростепена постапка и поднесува жалби во второстепена постапка;<br>- Врши инспекциски надзор во однос на почитувањето на пропишаните норми и стандарди за домување;<br>- По секоја писмена или усна пријава или по службена должност, излегува на лице место и изготвува записник, а по потреба донесува и решение;<br>- врши надзор на снабдување со вода за пиење, испораката на технолошката вода, одведувањето и пречистувањето на отпадните и атмосферските води и надзор на обработката и депонирањето на комуналниот цврст отпад, индустрискиот отпад и штетните материи,<br>- врши надзор на собирањето, транспортирањето, обработката и депонирањето на отпадоци што се создаваат со изведување на градежни работи кои немаат својство на комунален цврст и технолошки отпад како и обработка и депонирање на овие отпадоци на уредени депонии, како и одржување на депониите и надзор на одржувањето на јавната чистота во градски и други населби, одржување и користење на паркови, зеленило, водни и рекреативни површини,<br>- врши надзор на одржувањето и користењето на пазари на големо и мало,<br>- врши превземање мерки за отстранување на хаварисани возила и непрописно оставени земјоделски машини со приклучни или без приклучни орудија, како и за за ерадикација на животни скитници, отстранување и чување на ситна и крупна стока и живина во урбани средини;<br>- Подготвува годишни и месечни планови за работа и подготвува извештаи за својата работа. |

## Член 15

Во глава IV ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО , во Одделение за инспекциски надзор , во работното место со реден број 52, со шифра ИНС0101В01000, ниво В1, звање Советник, називот на работното место „Овластен инспектор за заштита на животната средина“ се менува и гласи „Општински инспектор за заштита на животната средина“:

| 52. | |
|---|---|
| а. Одделение за инспекциски надзор - Инспекторат | |
| **Реден број** | 52 |
| **Шифра** | ИНС0101В01001 |
| **Ниво** | В1 |
| **Звање** | Советник |
| **Назив на работно место** | Општински инспектор за заштитата на животната средина |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководителот на Одделението |
| **Вид на образование** | природно-математичките науки (биологија, физика, геофизика, географија, геологија, минерологија, хемија и биохемија), техничко-технолошките науки (архитектура, урбанизам и планирање, електротехника, електромашинство, енергетика, геодезија, градежништво и водостопанство, хемиско инженерство, хемиска технологија, индустриско инженерство и менаџмент, контрола на квалитет, машинство, материјали, металургија, применета геологија и геофизика, регулација и управување со технолошки процеси, рударство, животна средина), медицинските науки (фундаментални медицински науки и медицинска технологија), биотехничките науки (наука за земјиштето и хидрологија, заштита на растенија, растително производство, овоштарство, лозарство, ветеринарна медицина, добиточно производство (сточарство), рибарство, шумарство и хортикултура, преработка на дрво, биотехнологија и прехранбена технологија) и општествени науки (безбедност) |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Ефикасно ефективно и квалитетно извршување на работните задачи кои произлегуваат од делокругот на работното место и кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на Одделението, посебно вршење инспекциски надзор над спроведувањето на прописите за заштита на животната средина, управувањето со отпадот и квалитетот на амбиентниот воздух |
| **Работни задачи и обврски** | - Самостојно врши најсложени стручно-административни, нормативно-правни и промотивно-информативни работи од делокругот на работата на Одделението<br><br>- Ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на заштитата на животната средина и природата, заштита и спречување од загадување на водата и земјиштето и се грижи за нивната примена;<br>- Ги следи меѓународните документи и искуства во областа на заштитата на природата, заштита и спречување од загадување на водата и земјиштето и предлага мерки и иницијативи за нивна примена или адаптација на условите во Општината;<br>- Предлага мерки за моинторинг на квалитетот на водата за пиење, како и за спречување на загадувањето на водата за пиење;<br>- Предлага мерки за одржливо користење на изворите на вода за пиење, намалување и отстранување на ризикот за нивно згадување и преземање на соодветни превентивни |

| | |
|---|---|
| | мерки во согласност со закон;<br>- Се грижи за подготовка на предлозите за прогласување на заштитено подрачје и за плановите за управување со заштитено подрачје;<br>- Го организира и учествува во изготвувањето на мислењето во постапката на подготовка на развојните стратешки, плански и програмски документи што ги донесува Советот на Општината, кои би можеле да имаат значителни ефекти врз природата;<br>- Се грижи за подготовка на со закон дефинираните категории податоци заради заштита на природата што мора да се содржат во документите за уредување и користење на просторот;<br>- Предлага и покренува иницијативи за учество на конкурси и реализација на проекти поддржани од домашни и странски субјекти од областа на заштитата на природата, спречувањето од загадување на водата и земјиштето;<br>- Учествува или раководи со проектни тимови;<br>- Организира, координира и учествува или непосредно изготвува одлуки и други прописи, програми, информации и други акти ;<br>- Подготвува годишни и месечни планови за работа и подготвува извештаи за својата работа;<br>- Дава стручна помош, совети и врши менторство на административните службеници од пониските нивоа. |

**Член 16**

Во глава IV ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО , во делот ДРУГИ ПОМОШНО ТЕХНИЧКИ ЛИЦА – ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА – ТППЕ , работното место со реден број 61, со шифра УПР0402Б04000, ниво IV, звање Командир на ТППЕ, назив на работното место Командир на ТППЕ Делчево, се менува и гласи:

| 61. Сектор | |
|---|---|
| а. Територијална противопжарна единица | |
| **Реден број** | 61 |
| **Шифра** | ПОЖ0210А04000 |
| **Ниво** | А4 |
| **Звање** | Командир на ТППЕ |
| **Назив на работно место** | Командир на ТППЕ Делчево |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Градоначалникот на општината |
| **Вид на образование** | Високо образование |
| **Други посебни услови** | -Положен стручен испит за раководител на акција за гасење пожар и спасување на луѓе и имот, во рок од 3 месеци од распоредувањето на работното место |

| | |
|---|---|
| | - Возачка дозвола за „Ц“ категорија |
| **Работни цели** | Активно, ефикасно и ефективно раководење, координирање , организирање на работата на ТППЕ при гаснење на пожари, спасување имоти и лица и отстранување последици настанатиод елементарни непогоди и други вонредни состојби |
| **Работни задачи и обврски** | - Раководи со ТППЕ Делчево<br>- Раководи со акција за гаснење на пожари а по потреба и учествува во гаснењето и спасувањето<br>- Организира и спроведува вежби со вработените за тактичка и кондициона подготвеност<br>- Извршување на работите и задачите од областа на ППЗ во согласност со законите, подзаконските прописи и другите општи акти<br>- Подготвува планови и извештаи за работата на ТППЕ<br>- Остварува соработка со ТППЕ од регионот<br>- Учествува во работата на мрежата на ТППЕ при ЗЕЛС |

**Член 17**

Во глава IV ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО , во делот ДРУГИ ПОМОШНО ТЕХНИЧКИ ЛИЦА – ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА – ТППЕ , по работното место со реден број 61 , со шифра ПОЖ0210А04000 , ниво А4, звање Командир на ТППЕ, назив на работното место Командир на ТППЕ Делчево, се додава ново работно место со реден број 61-а кое гласи:

| 61-а.Сектор | |
|---|---|
| а.Територијална противпожарна единица | |
| **Реден број** | 61-а |
| **Шифра** | ПОЖ0210Б04000 |
| **Ниво** | Б4 |
| **Звање** | Командир на одделение |
| **Назив на работно место** | Командир на одделение во ТППЕ |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Командирот на ТППЕ |
| **Вид на образование** | Вишо , средно гимназиско или средно стручно образование или високо образование |
| **Други посебни услови** | -Положен стручен испит за раководител на акција за гасење пожар и спасување на луѓе и имот, во рок од 3 месеци од распоредувањето на работното место |

| | |
|---|---|
| | -Возачка дозвола за „Ц“ категорија |
| **Работни цели** | Активно, ефикасно и ефективно непосредно раководење со групите во ТППЕ |
| **Работни задачи и обврски** | -Изготвува годишни планови за настава и обука на вработените и се грижи за нивна реализација,<br>-Работи на изготвување на тактички планови за гаснење на пожари,<br>-Изготвува планови за превентивно дејствување;<br>-Се грижи за уредно и навремено извршување на задачите, за редот и дисциплината во единицата,<br>-Се грижи за исправноста на техничката и другата опрема за гаснење пожари,<br>-Подготвува предлог планови за набавка на техничка и друга опрема,<br>-Се грижи за тековното одржување на возниот парк, предлага мерки за негово осовременување, изготвува планови за набавка на опрема и се грижи за нејзино рационално искористување,<br>-Држи стручна настава за ракување со противпожарната опрема,<br>- Непосредно учествува и раководи со гаснење на поголеми пожари и отстранување на последици од елементарни непогоди,<br>-Се грижи за редот и дисциплината во одделението. |

**Член 18**

Во глава IV ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО , во делот ДРУГИ ПОМОШНО ТЕХНИЧКИ ЛИЦА – ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА – ТППЕ , работното место со реден број 62, со шифра УПР0402Б11000, ниво XI, звање Водач на група, назив на работното место Водач на група, се менува и гласи:

| | |
|---|---|
| 62.Сектор | |
| а.Територијална противпожарна единица | |
| **Реден број** | 62 |
| **Шифра** | ПОЖ0210В02000 |
| **Ниво** | В2 |
| **Звање** | Водач на група |
| **Назив на работно место** | Водач на група |
| **Број на извршители** | 5 |
| **Одговара пред** | Командирот на Одделението |
| **Вид на образование** | Вишо , средно гимназиско или средно стручно образование |
| **Други посебни услови** | -положен стручен испит за раководител на акција за гасење пожар и спасување на луѓе и имот, во рок од 3 месеци од распоредувањето на работното место и<br>- возачка дозвола од „Ц“ или „Д“ категорија |

| | |
|---|---|
| **Работни цели** | Ја организира групата согласно инструкциите од Командирот |
| **Работни задачи и обврски** | -непосредно учествува во акции за гасење пожари,<br>- учествува во акции за спасување луѓе и материјални добра и отстранување последици настанати од елементарни непогоди и други состојби,<br>- изведува стручна настава за ракување со сите ПП справи и опрема,<br>- се грижи за исправноста на личната и колективната опрема,<br>-се грижи за редот и дисциплината во групата,<br>-работи на стручно усовршување и физичка подготвеност. |

**Член 19**

Во глава IV ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО , во делот ДРУГИ ПОМОШНО ТЕХНИЧКИ ЛИЦА – ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА – ТППЕ , работното место со реден број 63, со шифра УПР0402Б13000, ниво XIII, звање Пожарникар спасител, назив на работното место Пожарникар спасител,во делот број на извршители 5 , се менува со бројот 4 и гласи:

| | |
|---|---|
| 63.Сектор | |
| А.Територијална противпожарна единица | |
| **Реден број** | 63 |
| **Шифра** | ПОЖ0210В04000 |
| **Ниво** | В4 |
| **Звање** | Пожарникар спасител |
| **Назив на работно место** | Пожарникар спасител |
| **Број на извршители** | 4 |
| **Одговара пред** | Командирот на одделението |
| **Вид на образование** | Вишо, средно гимназиско или средно стручно образование |
| **Други посебни услови** | возачка дозвола за „Ц“ категорија |
| **Работни цели** | Активно, ефективно и ефикасно непосредно учествово гасење пожари, спасување луѓе и материјални добра и отстранување последици од елементарни непогоди |
| **Работни задачи и обврски** | - Ги извршува работите и задачите поврзани со тековните, оперативните активности и потреби,<br>-непосредно учествува во акции за гасење пожари;<br>- учествува во акции за спасување луѓе и материјални добра и отстранување последици настанати од елементарни непогоди и други состојби;<br>- работи на стручно усовршување и физичка подготвеност, |

| | |
|---|---|
| | -се грижи за исправноста на личната и колективната опрема. |

**Член 20**

Во глава IV ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО , во делот ДРУГИ ПОМОШНО ТЕХНИЧКИ ЛИЦА – ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА – ТППЕ , работното место со реден број 64, со шифра УПР0402Б14000, ниво XIV ниво, звање Пожарникар спасител – возач на специјално возило, назив на работното место Пожарникар спасител – возач на специјално возило, се менува и гласи:

| 64.Сектор | |
|---|---|
| а. Територијална противпожарна единица | |
| **Реден број** | 64 |
| **Шифра** | ПОЖ0210В04000 |
| **Ниво** | В4 ниво |
| **Звање** | Пожарникар спасител |
| **Назив на работно место** | Пожарникар спасител-возач на специјално возило |
| **Број на извршители** | 6 |
| **Одговара пред** | Командирот на одделението |
| **Вид на образование** | Вишо, средно гимназиско или средно стручно образование |
| **Други посебни услови** | Возачка дозвола за Ц или Д категорија |
| **Работни цели** | Активно, ефективно и ефикасно непосредно учество во акции за гасење пожари, спасување луѓе идобра и отстранување последици од елементарни непогоди |
| **Работни задачи и обврски** | - Ги извршува работите и задачите поврзани со тековните, оперативните и непосредните планови и активности,<br>- Се грижи за одржувањето на исправна состојба на возилата , техничките средства и опремата кои ќе му бидат доверени<br>- Врши гаснење на пожари и интервенира во акции за спасување, управува со ПП возилата. |

**Член 21**

Во глава IV ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО , во делот ДРУГИ ПОМОШНО ТЕХНИЧКИ ЛИЦА – ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА – ТППЕ , работното место со реден број 65, со шифра УПР0402Б15000, ниво XV, звање Пожарникар раководител на противпожарен сервис, назив на работното место , Пожарникар раководител на противпожарен сервис, се менува и гласи:

| | |
|---|---|
| 65.Сектор | |
| а.Територијална противпожарна единица | |
| **Реден број** | 65 |
| **Шифра** | ПОЖ0210В04000 |
| **Ниво** | В4 |
| **Звање** | Пожарникар спасител |
| **Назив на работно место** | Пожарникар спасител – одржувач на противпожарен сервис |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Командирот на одделението |
| **Вид на образование** | Вишо , средно гимназиско или средно стручно образование |
| **Други посебни услови** | возачка дозвола за „Ц„ категорија |
| **Работни цели** | Активно, ефикасно и ефективно учество во сервисирање на уреди и инсталации, техничка опрема и средства за гасење пожари |
| **Работни задачи и обврски** | - непосредно учествува во акции за гасење пожари,<br>- учествува во акции за спасување луѓе и материјални добра и отстранување последици настанати од елементарни непогоди и други состојби,<br>- се грижи за навремено и квалитетно вршење на работите во сервисот,<br>-работи на стручно усовршување и физичка Подготвеност,<br>- се грижи за исправноста на ПП техниката. |

**Член 22**

Во глава IV ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО , во делот ДРУГИ ПОМОШНО ТЕХНИЧКИ ЛИЦА – ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА – ТППЕ , по работното место со реден број 65 , со шифра ПОЖ0210В04000 , ниво В4, звање

Пожарникар спасител, назив на работното место Пожарникар спасител – одржувач на противпожарен сервис, се додава ново работно место со реден број 65-а кое гласи:

| 65-а.Сектор | |
|---|---|
| а.Територијална противпожарна единица | |
| **Реден број** | 65-а |
| **Шифра** | ПОЖ0210В04000 |
| **Ниво** | В4 |
| **Звање** | Пожарникар спасител |
| **Назив на работно место** | Пожарникар спасител - автолимар |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Командирот на одделението |
| **Вид на образование** | Вишо , средно гимназиско или средно стручно образование |
| **Други посебни услови** | возачка дозвола за „Ц„ категорија |
| **Работни цели** | Активно, ефективно и ефикасно одржување на автолимаријата на возилата и останатата опрема во Територијалната противпожарна единица |
| **Работни задачи и обврски** | -непосредно учествува во акции за гасење пожари;<br>- учествува во акции за спасување луѓе и материјални добра и отстранување последици настанати од елементарни непогоди и други состојби,<br>- работи на стручно усовршување и физичка подготвеност,<br>- се грижи за возниот парк,<br>- врши други работи што ќе му ги довери командирот во врска со работниот процес во автомеханичарскиот сервис. |

**Член 23**

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на Правилникот, се вршат измени и дополнувања и на табеларниот преглед на работните места, кој е доставен како Прилог на овој Правилник.

**Член 24**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се применува по добиена писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија.

Број 08-1577/1
Од 07.08.2023 година

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
Градоначалник
Горан Трајковски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Република Северна Македонија

**Министерство за информатичко општество и администрација**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ДЕЛЧЕВО
Примено: 21. 08. 2023
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| --- | --- | --- | --- |
| 08 | 1577/3 | | |

**До: Општина Делчево**
**Архивски број: 09-3073/** 2
**Датум:** 17.08**.2023година**

**Drejtuar: Komunës së Dellçevës**
**Numri i arkivit: 09-3073/**
**Data:________.2023**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), Министерството за информатичко општество и администрација дава:

Në bazë të nenit 17 paragrafi (7) të Ligjit për të punësuarit në sektorin publik („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë nr. 27/14, 199/14, 27/16, 35/2018, 198/2018 dhe „Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut“ nr. 143/19 dhe 14/20) Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës jep:

**СОГЛАСНОСТ**
**на**

**PËLQIM**
**të**

Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во **општинската администрација на општина Делчево,** со архивски број: **08-1577/1** од **07.08.2023** година.

Rregullores për ndryshimin dhe plotësimin e Rregullores së sistematizimit të vendeve të punës në **administratën komunale të Komunës së Dellçevës,** me numër arkivi: **08-1577/1** të datës **07.08.2023.**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

**-Општина Делчево**, поднесе барање до Министерството за информатичко општество и администрација за добивање согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во **општинската администрација на општина Делчево.**

Министерството за информатичко општество и администрација го разгледа доставениот акт и констатира дека истиот е во согласност со одредбите од Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места како и содржината на функционалната анализа на институциите од јавниот сектор и Каталогот на работни места во јавниот сектор.

**ARSYETIM**

**Komuna e Dellçevës**, pranë Ministrisë së Shoqërisë Informatike dhe Administratës, parashtroi kërkesë për marrjen e pëlqimit të Rregullores për ndryshimin dhe plotësimin e Rregullores së sistematizimit të vendeve të punës në administratën komunale në **Komunën e Dellçevës.**

Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës e shqyrtoi aktin e dorëzuar dhe konstatoi se i njëjti është në harmonizim me dispozitat e Ligjit për nëpunësit administrativ, Ligjit të të punësuarve në sektorin publik, Rregullores së përmbajtjes dhe mënyrës së përgatitjes së akteve mbi organizimin e brendshëm dhe sistematizimin e vendeve të punës, si dhe të përmbajtjes së analizës funksionale të institucioneve të sektorit publik dhe Katalogut të vendeve të punës në sektorin publik.


Министерство за информатичко општество и администрацијана
Република Северна Македонија
Ministria e Shoqërisë Informatike dheAdministratës
Republika e MaqedonisësëVeriut

Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „Shën. Kirili dhe Metodi“ nr. 54, Shkup
Republika e MaqedonisësëVeriut

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

Врз основа на претходно утврденото, Министерството за информатичко општество и администрација дава согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во **општинската администрација на општина Делчево,** со архивски број: 08-1577/1 од 07.08.2023 година.

**Со почит,**

Sipas përshkrimit të pasqyruar më lart, Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës, jep pëlqim të Rregullores për ndryshimin dhe plotësimin e Rregullores së sistematizimit të vendeve të punës në **administratën komunale të Komunës së Dellçevës,** me numër arkivi: 08-1577/1 të datës 07.08.2023.

**Me respekt,**

Министер за информатичко општество и администрација
Ministër i Shoqërisë Informatike dhe Administratës
Dr. Azir Aliu

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Скопје - Shkup

Подготвил / Përpiloi: Абдула Јашаров/Abdula Jasharov

Превел / Përktheu: Gjulsere Ismaili

Д.Д./D.D.


Министерство за информатичко општество и администрацијана Република Северна Македонија
Ministria e Shoqërisë Informatike dheAdministratës Republika e MaqedonisësëVeriut

Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „Shën. Kirili dhe Metodi“ nr. 54, Shkup
Republika e MaqedonisësëVeriut

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk